**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
***Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје***
***Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466*** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр.08-82

Врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија" бр.145/10), а постапувајќи по известувањето за концентрација помеѓу **Метинвест Б.В.** (Metinvest B.V.), **Холандија** од една страна и **Брандфелд Фајненс Лтд.** (Brandfeld Finance Ltd., **Кипар), Вернан Сервисис Лтд**. (Vernan Services Ltd., **Кипар), Ласартико Холдингс Лтд.** (Lasartico Holdings Ltd., **Кипар**), **Странстен Холдингс Лтд.** (Stransten Holdings Ltd., **Кипар), Ројвер Инвестментс Лтд.** (Royware Investments Ltd., **Кипар), Ситлер Менаџмент Лтд.** (Sitler Management Ltd., **Кипар**), **Барленко Лтд.** (Barlenco Ltd., **Кипар**) од друга страна, а поднесено од **Метинвест Б.В.** (Metinvest B.V.), **Холандија**, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 10.01.2012 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата помеѓу **Метинвест Б.В.** (Metinvest B.V.), со главно седиште на адреса Alexanderstraat 23, 2514 JM's–Gravenhage, Холандија од една страна и **Брандфелд Фајненс Лтд. (Brandfeld Finance Ltd.)** со седиште на 1 Poseidonos, Ledra Business Centre, Egkomi, P.C. 2406, Nicosia, Кипар, **Вернан Сервисис Лтд. (Vernan Services Ltd.)** со седиште на 15 Agiou Pavlou, Ledra House, Agios Andreas, P.C. 1005, Nicosia, Кипар, **Ласартико Холдингс Лтд.** (Lasartico Holdings Ltd.) со седиште на 5 Skra Street, Agios Andreas, 1100, Nicosia, Кипар, **Странстен Холдингс Лтд. (St**ransten Holdings Ltd.) со седиште на 10 Doiranis Gekomi, P.C. 2400, Nicosia, Кипар, **Ројвер Инвестментс Лтд.** (Royware Investments Ltd.) седиште на 33 Alasias, P.C. 3095, Limassol, Кипар, **Ситлер Менаџмент Лтд. (Sitler Management Ltd.)** со седиште на Vasilissis Freiderikis, 20, El Grego House, Of. 104, P.C. 1066, Nicosia, Кипар, **Барленко Лтд.** (Barlenco Ltd.) со седиште на 4 Zinas Kanther Street, Limassol, Кипар од друга страна по основ на стекување на акции иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член** 19 **став** (1) **точка** 2) **од Законот за заштита на конкуренцијата**.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да платиадминистративна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840.....03161, приходна шифра и програма 72231300.

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**О б р а з л о ж е н и е**

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) на ден 05.12.2011 година, а дополнето на 20.12.2011 година **Метинвест Б.В.** (Metinvest B.V.), **Холандија**, согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), поднесе известување за концентрација (бр. 08-82) според кое **Метинвест Б.В.** (Metinvest B.V.), **Холандија** стекнуваа контрола над **Брандфелд Фајненс Лтд.** (Brandfeld Finance Ltd., **Кипар), Вернан Сервисис Лтд**. (Vernan Services Ltd., **Кипар), Ласартико Холдингс Лтд.** (Lasartico Holdings Ltd., **Кипар**), **Странстен Холдингс Лтд.** (Stransten Holdings Ltd., **Кипар), Ројвер Инвестментс Лтд.** (Royware Investments Ltd., **Кипар), Ситлер Менаџмент Лтд.** (Sitler Management Ltd., **Кипар**), **Барленко Лтд.** (Barlenco Ltd., **Кипар**).

**Деловни активности на учесниците во концентрацијата**:

- **Метинвест Б.В.** (Metinvest B.V.) – холдинг трговско друштво од вертикално интегрирана група за рударство и метали,

- **Брандфелд Фајненс Лтд.** (Brandfeld Finance Ltd.), **Вернан Сервисис Лтд**. (Vernan Services Ltd.), **Ласартико Холдингс Лтд.** (Lasartico Holdings Ltd.), **Странстен Холдингс Лтд.** (Stransten Holdings Ltd.), **Ројвер Инвестментс Лтд.** (Royware Investments Ltd.), **Ситлер Менаџмент Лтд.** (Sitler Management Ltd.), **Барленко Лтд.** (Barlenco Ltd.) – холдинг друштва.

Комисијата започна со испитување на известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и утврди дека концентрацијата потпаѓа под одредбите на Законот.
Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2) и став (3) и став (4) од Законот и член 14 од Уредбата за поблиските критериуми за оценка на концентрациите и содржината и формата на известувањето (Службен весник на Република Македонија бр.91/05) оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.
Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на концентрацијата.

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

**Упатство за правно средство**:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**